РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3455/4
31-12-2021

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст:ДКСК) на првото продолжение на педесет и седмата седница одржана на ден 21.12.2021 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на анкетниот лист на _____________, поранешен пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3455/1 од 05.10.2020 година.

Предметот со број 08-3455/1 од 05.10.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-3455/1 од 05.10.2020 година за проверка на анкетниот лист на __________, поранешен пратеник во Собранието на Република Северна Македонија е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК по извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето _________ во законски предвидениот рок од 30 дена по престанок на функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија не поднел изјава за имотната состојба и судир на интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог и ги достави до лицето ____________, притоа именуваниот не постапил по издадениот платен налог. Во врска со ова ДКСК поднесе Барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочната комисија во ДКСК заведена со бр.08-240/1 од 15.01.2021 година.

На 13.09.2021 година прекршочната комисија донесе Решение со кое __________ е прогласен за одговорен и изречена му е глоба за сторениот прекршок.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: Горан Трпеноски, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk